Врз основа на член 384 и член 387 од Законот за трговски Друштва, Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје објавува

**ПОВИК**
**За учество на**
**Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието ќе се одржи на ден 14.06.2016 година (вторник) со почеток во 12,00 часот, во хотел Гранит во населба Козле-Скопје

За Собранието се предлага следниот

**Дневен ред**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**
1. Отварање на Собранието
   -Утврдување кворум (верификација на присутни учесници на Собранието).
2. Избор на Претседавач
   -Избор на записничар и заверувачи на записникот
   -Избор на бројачи на гласови

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**
1. Годишна сметка на ГД„Гранит„АД Скопје за 2015 година
-Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка
2. Годишна сметка консолидирана на ГД„Гранит„АД Скопје за 2015 година;
-Предлог одлука за усвојување на консолидираната Годишната сметка на ГД Гранит АД Скопје за 2015 година;
3. Финансиски извештаи за работењето на ГД„Гранит„АД Скопје во 2015 година;
-Предлог одлука за усвојување на финансиските извештаи на ГД„Гранит„АД Скопје во 2015 година;
4. Годишен извештај за работењето на ГД„Гранит„АД Скопје во 2015 година;
-Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ГД„Гранит„АД Скопје во 2015 година;
5. Извештај од извршената ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за ГД„Гранит„АД Скопје за 2015 година, поединечна и консолидирана;
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за ГД„Гранит„АД Скопје за 2015 година;
6. Извештај на Надзорниот одбор за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година на ГД„Гранит„АД Скопје;
-Предлог одлука за усвојување на Извештај на Надзорниот одбор за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година на ГД„Гранит„АД Скопје;
7. Годишен извештај од службата за внатрешна ревизија;
-Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај од службата за внатрешна ревизија;
8.Предлог одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото;
9. Предлог одлука за распределба на добивката на ГД„Гранит„АД Скопје;
10. Предлог одлука за исплата на дивиденда;
11.Предлог одлука за избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година;
12. Предлог одлука за измена на Статутот на ГД Гранит АД Скопје
13. Избор на нов независен член на Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје;

**Се повикуват акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Секој Акционер кој има намера да учествува на Собранието на ГД Гранит АД Скопје, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават до Дирекција на ГД Гранит АД Скопје- Сектор за правни, кадрови и општи работи.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-странциа на Гранит www.granit.com.mk.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневиот ред и одлуките по точките на дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки на дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна до 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Гранит www.granit.com.mk .

Материјалите за Собранието на Гранит и дополнителните информации, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавување на овој повик, секој работен ден во просторите на дирекција на Гранит или на официјалната интернет-страница на Гранит www.granit.com.mk.

Управен одбор на ГД Гранит АД Скопје